ИСОС ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВО БРОЈКИТЕ ВЕРУВАМЕ
IN NUMBERS WE TRUST.

Врз основа на член 9 од Деловникот за работа на Собрание и член 17 став 12 точка 21, а во врска со член 20 став 3 точка 3 од Законот за вршење на сметководствени работи на РСМ („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22) и член 27 став 3 точка 3 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија во врска со разгледаниот работен материјал на седницата одржана на 02.11.2024 година и 03.11.2024 година ја даде следната

# ПРЕПОРАКА
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА СМЕТКОВОДСТВОТО И УТВРДУВАЊЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНИТЕ И ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ РАБОТИ КОИ БИ ПРЕТСТАВУВАЛЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА ДОГОВОР ЗА ВРШЕЊЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на одржаната седница на ден 02.11.2024 година и 03.11.2024 година ги утврди видовите на сметководствени работи, дополнителните сметководствени работи и останатите административни работи кои ги вршат вршители на сметководствени работи.

**Видови сметководствени работи се:**

1. Контирање и составување на налози за книжење – финансиска евиденција (приемници, преносноци, калкулации, влезни и излезни фактури и други деловни настани);
2. Контирање и составување на налози за книжење на денарски изводи и девизни изводи банки;
3. Водење на главна книга (синтетика, дневник);
4. Водење на аналитика за купувачи и добавувачи (краткорочни, долгорочни побарувања и обврски), по место на трошок;
5. Евиденција, преглед и пресметка на основните средства (ревалоризација и амортизација).
6. Благајна – контрола на сметките за готовински исплати, евидентирање на благајнички извештаи и дневен промет.
7. Пресметка на данокот за додадена вредност, согласно ЗДДВ;
8. Составување на аконтативни ДДВ пријави.
9. Пресметка ДД согласно ЗДД

**Дополнителни сметководствени работи се:**

1. Изготвување и доставување на годишна сметка и даночен биланс
2. Изготвување на финансиски извештаи прилог кон годишната сметка
3. Пресметка на плата
4. Изготвување на ЕПДД и поднесување
5. Пресметки на данок на личен доход за исплати на разни надоместоци на физички лица (вработени-невработени);-
6. Поднесување на аконтативни ДДВ пријави

7. Изготвување и поднесување на обрасци во УЈП
8. Изработка на излезни фактури
9. Изготвување благајнички денарски и девизни извештаи
10. Материјално евидентирање на залихите
11. Изготвување на пропишани обрасци за трговија на големо и мало согласно Законот за трговија и Законот за регистрирање на готовински исплати
12. Средување картици и/или документи за правни лица
13. Изготвување тендерска документација за правни лица
14. Вадење на потврди од надлежни институции, пополнување обрасци и доставување до надлежни институции
15. Слагање картици со надлежни институции и/или комитенти.
16. Усогласување на ИОС, утврдување на разлики по попис
17. Даночно сметководство и советување и планирање
18. Менаџерско сметководство и сметководство на трошоци
19. Годишен финансиски извештај и Годишен финансиски план
20. Периодични финансиски извештаи на барање на корисникот на услугата
21. Присуство при надворешни контроли, соработка со проценители, вештаци, ревизори, адвокати и др.

**Останати административни работи се:**

1. Пријава/одјава на вработени
2. Евиденција по Законот за финансиска дисциплина
3. Изготвување на патни налози за службено патување во земјата и странство
4. Уплата на дневен промет
5. Доставување на вирмани до банка / електронско плаќање
6. Пополнување обрасци за кредити за клиенти и за физички лица
7. Изготвување потврда за плата
8. Останато

Врз основа на погореутврденото се задолжува Управниот одбор врз основа на член 31 став 1 од ЗВСР да изготви акт со кој ќе ги утврди содржините на сметководствените работи, основните, главните и дополнителните цели, задачи и предмет за вршење сметководствените работи при што ќе ги земе насоките од работните групи што претходеа на одржаната седница на 02.11.2024 година и 03.11.2024 година.

**Претседавач на Собрание**

Арх.бр. 0201-418

Иван Стојанов

05.11.2024 година

Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија · Скопје · ИСОС

**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија**
*ул. „Св. Кирил и Методиј", бр.20 кат бр.2, Скопје, Република Северна Македонија*
тел.: +389 2 3200 030; +389 70 283 807; web: www.isos.com.mk; e-mail: info@isos.com.mk